САСА
рудник за олово и цинк

# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Оваа Политика го објаснува видот на лични податоци што Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица (во натамошниот текст: Контролор), ги собира од вас кога ја посетувате нашата интернет страна и/или користите некоја од нашите административни услуги преку истата и како Контролорот ги користи овие податоци.

**Чии податоци собираме on-line:**

Можеме да собираме податоци поврзани со следниве категории на лица:

1. **Посетители на нашата интернет страна.** Вообичаено собираме податоци за навигација (види подолу) кои се користат за анализирањето на податоците од посетите на нашата веб-страна како и за одржување на информациска сигурност на нашата веб страна. Веб страницата на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица ги користи следните типови колачиња:

| Тип на колаче | Употреба |
|---|---|
| *XSRF-TOKEN* | Се користи за безбедносни причини |
| *hs* | Се користи за безбедносни причини |
| *svSession* | Се користи во врска со најава на корисникот |
| *SSR-caching* | Се користи за означување на системот од кој е прикажана страницата |
| *_wixCIDX* | Се користи за следење/дебагирање на системот |
| *_wix_browser_sess* | Се користи за следење/дебагирање на системот |
| *consent-policy* | Се користи за параметри на банерот за колачиња |
| *smSession* | Се користи за да се идентификуваат најавените членови на страницата |
| *TS** | Се користи за безбедносни причини и причини против измама |
| *bSession* | Се користи за мерење на ефективноста на системот |
| *fedops.logger.sessionId* | Се користи за мерење на стабилност/ефективност |
| *wixLanguage* | Се користи на повеќејазични страни за да се зачува претпочитаниот јазик на корисникот |

Сите информации кои се запишуваат во колачињата, Рудник САСА, како Контролор ќе ги користи исклучиво за потребите на web услугата или за статистички потреби и тоа на начин на кој вашата приватност нема да биде загрозена. Доколку вашите лични податоци треба да бидат запишани во колачињата, тоа ќе биде со ваша претходна согласност.

2. **Баратели и други физички лица во врска со поднесување на апликации, барања и сл.** Овие барања/апликации содржат информации за идентитетот на подносителот на барањето и лични податоци на други лица вклучени во барањето кои се потребни за постапување согласно нашите овластувања наведени во Законот за заштита на личните податоци.
3. преку нашиот email;
4. преку пошта.

**Категории на податоци кои се обработуваат**

1. **Податоци за навигација**

При посетата на нашата интернет страна серверот, за секој посетител се креираат логови со следниве податоци:

- Вашата интернет протокол (IP) адреса;


Рудник САСА ДООЕЛ
Рударска 28, МК-2304
Македонска Каменица
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 33 279 200
Тел. +389 (0) 33 279 201
contact@sasa.com.mk
http://www.sasa.com.mk

- Уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- Вашиот оперативен систем;
- Видот на пребарувачот, plugins и верзија;
- Страните кои ги посетувате на нашата веб-страна и времето кое го минувате на секоја страна;
- URL на страната која ве префрлила на нашата веб-страна и во некои случаи, термините кои сте ги користеле во обидот да ја најдете страната;
- Јазикот на пребарувачот кој го користите;
- Држава (се одредува преку IP адресата).

**2. Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат**

Лични податоци кои ги прибираме од Вашата посета на нашата веб- страна, се оние кои Вие доброволно ги доставувате за конкретни цели, како што се поднесување на барања и апликации и сл. Може да собереме некој од следниве категории на лични податоци: име и презиме, адреса, контакт телефон, факс, email и потпис.

**Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?**

Контролорот ги обработува личните податоци поради легитимните интереси кои произлегуваат од законски акти. Контролорот собира лични податоци од следните причини (цели):

- Да се овозможи искористување на правата и обврските од работен однос и притоа се врши обработка кога таа е потребна за целите на легитимните интереси на контролорот, засновани на закон.
- да се контролира пристапот и да се обезбеди сигурност, безбедноста на информациите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации;

**Кој е одговорен за обработка на податоците?**

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кој ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци или друг закон. Покрај тоа, Контролорот има определено овластено лице за заштита на личните податоци – офицер, како и администратор на ИТ системот.

**Кој може да ги види моите лични податоци?**

До личните податоци може да се пристапи само од страна на овластените лица од страна на Контролорот. Пристапот до дигиталниот уред на кој се чуваат личните податоци е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците не може да се пристапи без овластување од страна на Контролорот.

Не споделуваме податоци за Вас и/или за Вашата посета на нашата веб страна, на трети лица, освен во следните случаи:

- во случај на ангажирање на даватели на услуги ако Контролорот ги ангажира како обработувачи со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата на Контролорот и обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги.

- По барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само ако постои законски основ за тоа.

**Како да ги контролирате вашите податоци, кои се вашите права?**

Вашите права во однос на обработката на лични податоци се:
- право да бидете информирани за обработката на личните податоци,
- право на пристап до личните податоци,
- право на исправка и бришење на личните податоци,
- право на ограничување на обработката на личните податоци и
- право на приговор.

За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на лични податоци, можете да го контактирате нашиот офицер за заштита на лични податоци Наталија Петрова, на следниов e-mail: n.petrova@sasa.com.mk.

**Што можам да направам во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до Контролорот contact@sasa.com.mk и да побарате да преземе акција.
б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на n.petrova@sasa.com.mk .
в) Ако сметате дека начинот на кој Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица ги обработува Вашите лични податоци ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

**Безбедност на личните податоци**

Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица презема мерки на претпазливост за да ги заштити личните податоци на корисниците во согласност со позитивните законски прописи. Со цел да обезбедиме тајност и заштита на личните податоци за субјектите, применуваме соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап и заштита од какви било незаконски облици на обработка во согласност со Законот за заштита на личните податоци.
Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, Ве уверува дека податоците внесени во нашите ИТ системи нема да бидат злоупотребени, објавени во каков било медиум или споделени со друго трето правно, односно физичко лице во согласност со Законот за заштита на личните податоци и позитивната законска регулатива.

**Колку долго ги чуваме вашите податоци?**

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката.

**Промена на политиката за приватност**

Оваа Политика за приватност може да биде изменета во кое било време со објавување на изменетиот текст на Политиката за приватност на веб страна.


Рудник САСА ДООЕЛ
Рударска 28, МК-2304
Македонска Каменица
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 33 279 200
Тел. +389 (0) 33 279 201
contact@sasa.com.mk
http://www.sasa.com.mk

САСА
рудник за олово и цинк

**Прифаќање на политиката**

Со користење на оваа Страна, Корисникот се сложува со одредбите од Политиката за приватност на личните податоци на Страната. Доколку не се сложувате со Политиката, ве молиме не ја користете нашата Страна. Вашето континуирано користење на Страната следејќи ги промените на оваа Политика ќе се смета за ваше прифаќање на дадените промени.
Оваа Политика за приватност не се однесува на веб-страни кои сте ги посетиле преку некој од линковите поставени на нашата веб-страната.

**Управител:**
Скотт Јелланд

РУДНИК САСА ДООЕЛ Македонска Каменица

R.S.Yelland (Nov 1, 2021 14:02 GMT)


ISO 9001 Q-1187
ISO 14001 E-262
ISO 45001 H-112

Рудник САСА ДООЕЛ
Рударска 28, МК-2304
Македонска Каменица
Република Северна Македонија

Тел. +389 (0) 33 279 200
Тел. +389 (0) 33 279 201
contact@sasa.com.mk
http://www.sasa.com.mk